НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ

НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

БР.22

БИТОЛА

2019

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ БР. 22 НА Н.У. ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА

Издавач:
НУ Завод и музеј Битола

За издавачот:
д-р Мери Стојанова

Претседател на редакциски одбор:
Енгин Насух

Технички секретар:
м-р Јове Парговски

Членови на редакциски одбор:
Надежда Георгиева
Оливера Макриевска
Владо Ѓоревски

Лектор: Стево Гаџовски

Печати: Европа 92, Кочани

Тираж: 300

СОДРЖИНА

Душко ТЕМЕЛКОСКИ, Владимир КРСТЕСКИ
МОНЕТИ НА АНТИЧКО - МАКЕДОНСКИТЕ ВЛАДЕТЕЛИ ВО НУМИЗМАТИЧКАТА ЗБИРКА НА НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ - ПРИЛЕП 1

Мери СТОЈАНОВА
ОБРЕДНАТА ПРАКСА ВО МАЛА ПРЕСПА НИЗ ПРИЗМАТА НА ЗАПИСИТЕ НА СТЕРЈО СПАСЕ 17

Мимоза ХРИСТОСКА
ЧЕТИРИ САКРАЛНИ ОБЈЕКТИ ОД XIX ВЕК ВО КРУШЕВСКАТА ОПШТИНА 23

Весна КАЛПАКОВСКА, Оливера ЈАНДРЕСКА
МЕРМЕРНА ПЛОЧА СО НАТПИС НА СВЕШТЕНИК НА ХЕРАКЛЕ ОД СТИБЕРА ОД ЗБИРКАТА НА ЕПИГРАФСКИ СПОМЕНИЦИ И КАМЕНА ПЛАСТИКА, ПРИ НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ ПРИЛЕП 33

Стефан КАРАЏОВСКИ
ПРВА КРСТОНОСНА ВОЈНА 43

Драган ГЕОРГИЕВ
„УВОЛНИТЕЛЕН БИЛЕТ“ НА ДОНКА СТАВРЕВА УШЛИНОВА 57

Мирјана НИНЧОВСКА
ОД СИМБОЛИКАТА НА ДЕБАРСКОТО БЛАГОТВОРИТЕЛНО ДРУШТВО „НАПРЕДОК“ ВО СОФИЈА ВО ПРВИТЕ ДЕЦЕНИИ НА 20 ВЕК 65

Васко ГИЧЕВСКИ
ЖЕНАТА ВО БИТОЛСКИОТ САНЏАК 1881- 1912 ГОДИНА 73

Александар ЛИТОВСКИ
ПРИЛОГ ЗА ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА СТЕВО ХРИСТОВСКИ–ПАТАКО, ВРЗ ОСНОВА НА СПОМЕНИТЕ НА ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ 83

Марјан ИВАНОСКИ
ПРОТОКОЛ ОД СОБРАНИЕТО НА ЦК НА ДВИЖЕЊЕТО ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ И ОБЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ОДРЖАНО НА 23 НОЕМВРИ 1974 ГОДИНА ВО СТРАЗБУР, ФРАНЦИЈА 101

Роберто ТРАЈКОВСКИ
БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ ВО СТРАТЕГИЈАТА НА ГЕРМАНСКАТА ИМПЕРИЈА ВО 1915 ГОДИНА 109

Рубинчо БЕЛЧЕСКИ
ВЕРА АЦЕВА – ХЕРОИНА ВО ГЕН - ПОВОД: 100 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО 117

Александар СИМОНОВСКИ
ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРИМЕНАТА НА МЕТОДИТЕ И СРЕДСТВАТА НА СЛУЖБАТА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА 129

Паре ЗАРЕВСКА
ПРИКАЗ НА ПУБЛИКАЦИЈАТА КЕРАМИЧКАТА УМЕТНОСТ ОД ВИЗАНТИСКИ СЕРЕС 143

Габриела ТОПУЗОВСКА
ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА БОЛОЊСКИОТ ПРОЦЕС НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ 153

Angelina POPOVSKA
NEGLECTING... 163

IN MEMORIAM
Драгица Симоска 169

Никола Ивановски 171

Ристо Палигора 173

Почитувани читатели,
Почитувани колеги,

Пред нас е новото издание на „Зборник на трудови” кое како и години наназад така и овој пат ќе понуди автентични материјали и нови сознанија од областа на историјата, заштитата и презентацијата на движното и недвижното културно наследство, како и од музеологија, етнологија, фолклористика, археологија, историја на уметноста, епиграфика....

Како дел од издавачката дејност на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола оваа едиција претставува стручно и научно списание кое е интересно четиво како за стручната така и за пошироката јавност. Во него се поместени трудови на наши колеги од редот на вработени во оваа институција, но и трудови на колеги кои работат во различни сфери во културните и научнитеинституции ширум републиката.

Традиционално „Зборникот на трудови” го носи зачуваното графичко решение на корицата како препознатлив печат на ова издание, додека во самата едиција ќе ги најдете поместени и инструкциите за авторите, со цел да информираме за тоа како треба технички да се подготвуваат статиите за да го заслужат своето место во некој иден ваков број.

Како и секое претходно, и ова издание го испраќа својот апел до сите колеги и научни работници и во иднина да се пријавуваат со свои стручни и научни трудови до редакцискиот одбор со цел истите да бидат презентирани во јавноста. Престедателот и техничкиот секретар на овој одбор во текот на целата година стојат на располагање за прифаќање на трудови, но и за секаква асистенција во врска со аплицирањето за учество во Зборникот.

Претседател на Редакцискиот одбор

Енгин Насух

в.д.Директор

д – р Мери Стојанова

314.15-026.49:32(4-15:=163.3)”1974”
342.538:314.15(44:=163.3)”1974”

Марјан ИВАНОСКИ[1]

ПРОТОКОЛ ОД СОБРАНИЕТО НА ЦК НА ДВИЖЕЊЕТО ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ И ОБЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ОДРЖАНО НА 23 НОЕМВРИ 1974 ГОДИНА ВО СТРАЗБУР, ФРАНЦИЈА

Апстракт: *Во овој прилог се говори за Собранието на ЦК на ДООМ одржано на 23 ноември 1974 година во Стразбур. На тоа собрание биле донесени повеќе одлуки: избран нов организационен секретар на местото на погинатиот Благој Шамбевски; била донесена одлука да се формира Воен комитет; да се врши притисок врз поимотните македонски емигранти да ја помагаат организацијата; печатењето на „Македонска трагедија“, која била составен дел од „Македонска нација“, привремено да се прекине и др.*

Клучни зборови:*Движење за ослободување и обединување на Македонија, Драган Богдановски, Централен комитет, Собрание, револуција, Воен комитет*

Македонските политички емигранти во Западна Европа по Втората светска војна, по првичните групирања во 50-тите години, во 1962 година ја основале организацијата *Ослободителен комитет на Македонија* (ОКМ), со цел создавање на независна и обединета македонска држава со демократски политички систем.[2] Организацијата по внатрешните превирања што ги претрпела во текот на 60 – тите години, во 1971 година по иницијатива на Драган Богдановски, се одржал конгрес за нејзино возобновување.[3] Тогаш биле воспоставени и главните постулати на организацијата објавени во Политичката платформа во која меѓу другото, било потенцирано дека „‘Ослободителниот комитет на Македонија’ својата политичка основа ја изградува врз националната самобитност на македонскиот народ“ и дека ги „продолжува револуционерните илинденски традиции на нашиот народ...“, како и тоа дека ќе работи за разобличување на пропагандите што ги ширеле балканските националисти во однос на македонската нација, но и против оние Македонци кои потпаднале под туѓите пропаганди. Крајната цел на ОКМ била создавање на самостојна обединета македонска држава.[4]

---

[1] Проф. д-р Марјан Иваноски, виш научен соработник/вонреден професор, ЈНУ Институт за национална историја, ул. Григор Прличев бр. 3, 1000 Скопје, електронска пошта: m_ivanoski@yahoo.com.

[2] *Документи за македонското национално движење во дијаспората (ОКМ-ДООМ-НОФМ),* прв том, редактор Миле Илиевски, Штип 2006, 21.

[3] Конгресот се одржал на 30 мај 1971 година во Копенхаген, Данска. Марјан Иваноски, „Возобновувањето на емигрантската организација *Ослободителен комитет на Македонија* (прв вонреден конгрес - 1971)“, *Македоника* VI/14-15, Скопје 2016, 137.

[4] *Истото*, 137-138; *Македонска нација*, год. I, бр.4, јули-август 1971, 4-6.

На вториот вонреден конгрес (30 април – 1 мај 1972 година), одржан во Бремен, Западна Германија, Драган Богдановски демонстрирал вистинска моќ, кога биле прифатени неговите заложби организацијата идеолошки да не се определува. По негова иницијатива била извршена и промена на името на организацијата во *Движење за обединување на Македонија*.[5] По овој конгрес Богдановски целосно ја презел организацијата, формирајќи ново привремено раководство на кое се наметнал како единствен лидер, истиснувајќи го дотогашниот претседател Димко Нечевски.[6]

Заради легитимирање на новото раководство и објаснување на целите и заложбите на организацијата по повторната промена на името на организацијата во *Движење за ослободување и обединување на Македонија* (ДООМ), било одлучено да се одржи нов конгрес на Организацијата, кој се одржал на 13 април 1974 година.[7]

Популарноста на Организацијата меѓу македонските емигранти во Западна Европа по конгресот одела само во нагорна линија. Токму поради тоа, дејствувањето на еден дел од македонската емиграција меѓу Македонците, било будно следено од страна на југословенските служби на кои, несомнено, им создавало одредени проблеми. Службата имала и свои планови за неутрализирање, ставање под нивна контрола или пак наполно ликвидирање на таквите групации. Со убиството на организациониот секретар на ДООМ, Благој Шамбевски, кое се случило ноќта помеѓу 31 јули и 1 август 1974 година, Организацијата претрпела голема загуба. Тој бил убиен во хотелот каде што работел од непознато лице, но најверојатно

[5] На Конгресот била донесена и специјална декларација во која биле нагласени обидот и желбата на Организацијата да прерасне во општонационално движење, што било една од причините за промена на името. *Истото*, год. II, бр.9, мај-јуни 1972, 1-2.

[6] Марјан Иваноски, „втор, Вонреден конгрес на македонската емигрантска организација на Ослободителниот комитет на Македонија (Бремен, 1972 година)“, *Зборник на трудови*, *НУ завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Битола* 2018, 103.

[7] Според Драган Богдановски, преименувањето на Организацијата се случило на барање на Македонците од Пиринскиот и Егејскиот дел на Македонија, „сè со цел да се подвлече националната поента на национално ослободување“. Први во иницијативата за промена на името биле австралиските поткомитети на Организацијата. За промената на името Богдановски изјавил: „Уфрлувањето на второто ‘О’ во името на движењето во однос на Пиринска и Егејска Македонија има националноослободителен карактер, а во однос на Југославија има повеќе сепаратистички отколку ослободителен карактер. Македонскиот народ во СРМ е национално слободен, нема нужда да се ослободува. Кога е во прашање СРМ, уфрлувањето на второто ‘О’ може да ги задоволи само оние Македонци, кои сметаат дека македонскиот народ нема потполна национална слобода затоа што СРМ не е самостојна македонска држава или пак оние кои сметаат дека македонскиот народ во СРМ не живее под демократски режим“. Државен архив на Република Македонија, Фонд: ОЗНА/УДБА/РСВР/МВР досиеја водени од поранешната МВР/УДБ (885), Досие за лице во историски архив Богдановски Наско Драган, бр. на лично досие 20218, кутија. 747, папка V, Исказ на Драган Богдановски пред Окружен суд Скопје на 15.12.1978 г., стр. 10. (Натаму: ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски...).; ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 746, папка III, 11.06.1977 г., Извештај бр. 5 – Изјава, стр. 1.

организирано од југословенската тајна служба. За убиството на Шамбевски, Драган Богдановски во 1990 година изјавил:

„Секретарот Благој Шамбевски беше убиен спроти Илинден, во 1974 година. Беше најден со расцепена глава во една соба во хотелот близу минхенската железничка станица во кој работеше како ноќен портир. Германската полиција ја знае вистината, но не сака да ја каже. Но, сега и ние ја знаеме. Пратен е човек оттука (Скопје, б.м.) да го убие!“.[8]

Шамбевски бил погребан на 6 август на гробиштата Нордфридхор во Минхен.[9]

Со убиството на Шамбевски бил нанесен тежок удар на Организацијата. Тој, како организационен секретар, бил еден од најактивните членови и целата архива се наоѓала во неговиот дом, затоа што неговата адреса била адреса за коресподенција. Шамбевски имал големи задолженија во Организацијата и со своето навремено извршување на истите и докажаните организациски способности стекнал голем углед меѓу членството. Не случајно бил одбран и датумот за неговото убиство, ден пред големиот македонски национален празник Илинден, кој македонската политичка емиграција секоја година го одбележувала. Македонските емигранти своето политичко делување го сметале за продолжеток на Илинденската револуционерна борба и затоа самиот празник за нив имал големо емотивно значење кој придонесувал за подигање на моралот меѓу членството и симпатизерите на ДООМ. Па со убиството на Шамбевски непосредно пред празникот требало да се постигне спротивен ефект, односно да се деморализира членството, да се внесе страв, несигурност и колебање, што донекаде се појавило меѓу дел од членовите и приврзаниците на ДООМ.

Со убиството на Шамбевски, местото организационен секретар, како една од највисоките функции во Организацијата, останало празно. Поради природата на функцијата, се јавила потреба од брзо пополнување на тоа место, пред сè, заради нормално функционирање на Организацијата, но и заради покажување на стабилност и сериозност меѓу членството. Тоа се случило на 8 септември 1974 година кога на иницијатива на Драган Богдановски бил одржан состанок, на којшто присуствувале четворица членови на ЦК на ДООМ и тоа: Драган Богдановски, Георги Иванов, Иван Петровски и Атанас Костенцевски. На овој состанок било одлучено функцијата организационен секретар времено да ја извршува Иван Петровски, но се дискутирало и за префрлување на печатницата од Минхен во Брисел, како би се заштитила од евентуални упади.[10]

---

[8] *Нова Македонија*, год. XLVI ,бр.15642, 11 август 1990 година, 13.

[9] Поради тоа што немало македонски свештеник, ЦК на ДООМ одлучил погребниот обред да биде извршен од страна на католички свештеник, ректор на Хрватската католичка мисија во Западна Германија, отец д-р Доменик Шушњар, кој, воедно, бил и личен пријател со Шамбевски (*Македонска нација*, г. IV бр. 23, септември-октомври 1974, 3).

[10] ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 743, папка VI, број на деп. 1111, РСВР – СРМ – СДБ - II сектор, ДО ССВР – II управа и V сектор на СДБ – Белград.

По овој состанок, било констатирано дека набрзо требало да се одржи и собрание на Централниот комитет на ДООМ, заради избор на организационен секретар и да се изврши извесно дополнување во Централниот комитет. Тоа собрание било закажано за 23 ноември 1974 година, во Стразбур, Франција.

На Собранието присуствувале членовите на ЦК на ДООМ од Европа и претставници на поткомитетите од Европа. Собранието го отворил претседателот Драган Богдановски кој, меѓу другото, истакнал дека убиството на Благој Шамбевски оставило голема празнина во раководството на движењето и со тоа требало да се избере нов организационен секретар, но и да се изврши уште некое дополнување во ЦК. По убиството на Благој Шамбевски, Иван Петровски, дотогашниот секретар на Контролната комисија, бил задолжен привремено да ја исполнува должноста организационен секретар. На собранието, Богдановски предложил Иван Петровски да биде избран за организационен секретар на ДООМ. Неговиот предлог бил едногласно усвоен од сите присутни. Додека за нов претседател на Контролната комисија бил избран Ѓорѓи Ставридис од Минхен, Западна Германија.[11]

Требало да се избере и нов касиер, затоа што дотогашниот касиер Цане Трповски, по убиството на Благој Шамбевски, не ги исполнувал решенијата на ЦК на ДООМ.[12]

Потоа Богдановски истакнал дека членот на ЦК на ДООМ, Филип Филиповски, по убиството на Шамбевски, се исплашил и поднел оставка на местото член на ЦК. На негово место бил избран Миле Петровски од Аугзбург, Западна Германија.[13]

На собраниската расправа бил разгледан случајот со членот на Контролната комисија, Магдалена Стојанова, за која биле изнесени докази дека соработувала со југословенската СДБ. По разгледувањето на доказите, Собранието одлучило да ја исклучи Магдалена Стојанова од ДООМ, а на нејзино место во Контролната комисија бил избран Јован Исаковски од Бремен, Западна Германија.[14] Во Контролната комисија влегле уште Миле Сираков, како секретар, и Петар Димовски, како член.[15]

За претседател бил реизбран Драган Богдановски, а за потпретседатели: Ристе Ристевски (Австралија) и Љубе Филковски (САД), додека на местото политички секретар бил избран Атанас Пирински.[16]

По извршените измени во раководството на ДООМ, Драган Богдановски одржал кус говор во којшто биле изнесени заложбите и должностите во

[11] *Документи за македонското*..., Прв том, 173.
[12] Според Драган Богдановски, касиерот Цане Трповски потпаднал под влијание на жената на Шамбевски и затоа не ги исполнувал решенијата на ЦК на ДООМ. (*Истото*, 174).
[13] *Истото*.
[14] *Истото*.
[15] ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 743, папка IV, SSUP – II uprava SDB, Depessa sp. br.410/2-57, den 22.1.1975 godine RSUP SR Makedonije – II sektor sdb.
[16] ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 743, папка IV, РСВР- СРМ, СДБ – II сектор, Извор: „Роберт”, 14 декември 1974 година, Извештај, стр. 1.

натамошната работа на ДООМ. Основната мисла на Богдановски што и ја потенцирал била дека ДООМ е „заснована на гоцеделчевската илинденска идеологија, но прилагодена на современите историски услови за борба во денешна распарчена Македонија и во денешниот, поделен на воени блокови, свет“. Потоа во својот говор тој истакнал дека ДООМ покажал висока политичка зрелост, што останал неутрален „спрема воените блокови, спрема капитализмот и социјализмот“. Според Богдановски, ДООМ водела национално-ослободителна борба за ослободување на Македонија и имала за цел „да ги обедини и сплоти сите македонски патриоти без разлика на тоа какви се нивните лични општествено-идеолошки погледи на светот“, и со тоа поставувајќи ги уште еднаш националните интереси на прво место. Карактеристично во овој говор е тоа што тој повикувал на типично револуционерни методи за остварување на целите на ДООМ. Па така, Богдановски, меѓу другото, вели: „...може ли едно движење да се вика револуционерно ако тоа само зборува и пропагира за револуција?“. Понатаму Богдановски истакнал:„ Колку што јас лично можев да ги оценам борбените снаги со кои ДООМ денес располага, сметам дека е време ДООМ од воспитувачка и пропагандна дејност да мине на револуционерни активности. Време е веќе ДООМ својот борбен потенцијал да почне да го вооружува, да го организира во револуционерни илегални воени единици, кои постоењето на македонската ослободителна борба ќе го разнесат по сиот свет преку екови на пиштоли, пушки и бомби“. Во говорот уште истакнал дека ДООМ требала да стане организација какви што биле ИРА, палестинскиот Ослободителен фронт и Организацијата на Баските. Според него, ДООМ морала „да се вооружи и да стапи во вооружена дејност, инаку македонските патриотски снаги ќе изгубат доверба во него“. Богдановски предложил да се формира Воен комитет од четворица членови, чија дејност би била „да раководи со вооружување и изградба на вооружени илегални револуционерни групи со нивна дејност внатре на македонскиот терен“. Предлогот бил усвоен и бил формиран Воен штаб, а имињата на членовите биле држани во тајност.[17]

По долгите дискусии по разни прашања, на собранието било отворено прашањето за обезбедување на материјални средства, па во врска со тоа било заклучено дека материјални средства можеле да се најдат „само по револуционерен пат“. Била донесена одлука со која на Македонците кои имале свои претпријатија и имале големи финансиски приходи во странство „да им се наметне еден вид данок за револуционерна и ослободителна дејност“. Висината на тој данок требала да се одредува според висината на приходите. Доколку некој одбиел да плати данок, тогаш ДООМ предвидувал употреба на „револуционерен метод“ за наплата на данокот. Притоа, се

[17] *Документи за македонското*..., Прв том, 175; Според полициски сознанија, во составот на Воениот штаб влегле: командант Миле Сираков, членови: Миле Петровски, Ацо Костенцовски и Властимир Станковски. ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 743, Папка IV, SSUP – II uprava sdb, Depessa sp. br. 410/2-57, den 22.1.1975 godine, RSUP SR Makedonije – II sektor sdb.

објаснувало дека ДООМ немал намера да прерасне во криминална организација, затоа што собраните средства единствено ќе се употребувале за револуционерната дејност.[18]

Од погоре искажаното може да се види дека кај Драган Богдановски се забележува радикална промена во неговите ставови и заложби. Кои биле точните причини за ваквата радикална промена на ставовите на Богдановски по однос на начинот на дејствување на ДООМ, а поради недостиг на дополнителни извори, може само да претпоставуваме. Сепак, ако се согледа силата и организираноста на ДООМ може да се констатира дека такво нешто не било возможно, уште повеќе ако на ова се додаде и фактот што македонската емиграција никогаш не пројавила милитантно расположение. Но, во отсуство на критичко размислување, како и поради авторитетот на предлагачот, беспоговорно предлозите биле прифатени. Ваквиот потег на Богдановски треба да се толкува како обид да се подигне моралот кај членовите на Централниот комитет, особено по загубата на Шамбевски.

Во натамошната расправа на собранието, а според полициски сознанија, наводно, биле донесени и следниве одлуки: 1. Киднапирање на дипломатски претставници, не заради убиства, туку заради вршење на пресија на власта во СФРЈ и пуштање од затвор на политичките затвореници судени за ВМРО; 2. Минирање на трговски и други претставништва на другите републики што се наоѓаат во Скопје, заради поттикнување на национална нетрпеливост; 3. Да се набаваат три пиштоли од чешко производство; 4. Да се набави динамит заради диверзии. Набавка треба да биде извршена во Скопје, а обврската ја примил Иван Петровски. 5. Да се ликвидираат сите компромитирани членови. [19] Сите овие информации имаат своја тежина, меѓутоа, сепак, треба да се прифатат со резерва, затоа што не можат да се потврдат како заложба со ниту еден официјален документ на ДООМ. Дека станува збор за обична инсинуација на СДБ и нафрлани „планови“ без никаква основа, говори и фактот што има одредена контрадикторност во точките. Па така, се поставува прашањето, како според првата точка, би можело да се планира сериозна акција за „киднапирање на дипломатски претставници“ ако немале набавено оружје, односно дури според третата точка, требало да се набаваат само „три пиштоли“. Секоја сериозна терористичка организација прво планира набавка на соодветно оружје и опрема, па дури потоа изведување на некакви терористички или диверзантски акции и, секако, за такви акции потребно е многу повеќе од три пиштоли.

На крајот од собраниската расправа, собранието донело одлука печатењето на „Македонска трагедија“, која била составен дел од „Македонска нација“, привремено да се прекине. Повод за оваа одлука било немањето на доволно „материјални средства“.[20] Но, вистинските причини,

[18] *Документи за македонското*..., Прв том, 176.
[19] ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 743, Папка IV, SSUP – II uprava SDB, Depessa sp. br.410/2-57, den 22.1.1975 godine, RSUP SR Makedonije – II sektor SDB.
[20] *Документи за македонското*..., Прв том, 177.

според Богдановски, биле повеќе меѓу кои: фактот што „Македонска трагедија“ одбегнувала „да зборува за македонскиот народ, а зборуваше за народот на Македонија“; кога започнало да излегува како самостојно списание „заговарале припојување на Македонија кон Бугарија“[21]; барале промена на името на списанието „Македонска нација“ во „Македонска борба“ или „Македонска револуција“ и др.[22]

Со убиството на Шамбевски, Организацијата била ставена пред сериозен тест, дали и како ќе го продолжи своето делување. Одржувањето на ова собрание е особено карактеристично, од причини што тогаш за прв пат сериозно била планирана промена на методите на делување, односно прерастнување на ДООМ во типично револуционерна организација. Но, сепак, тој обид, вклучително и извршените измени во Централниот комитет, требале да бидат во функција на консолидација на Организацијата. За споменување е и фактот што за одржувањето на ова собрание читателите на „Македонска нација“ никогаш не дознале, затоа шо истото не било пренесено како вест на страниците на весникот. Зад таквата одлука на редакцијата на „Македонска нација“, најверојатно лежат две причини. Првата е тоа што по убиството на Шамбевски се јавил страв од понагласено експонирање на имињата на членовите на Централниот комитет. Тоа било особено важно поради некои одлуки на собранието, како што било формирањето на Воен комитет, па таквата информација дополнително би влијаела за загрозување на нивната безбедност. Втората причина, која можеби е и поиздржана, е фактот што кусо време по одржувањето на собранието се влошиле односите меѓу Драган Богдановски и новиот организационен секретар Иван Петровски, кој бил предложен токму од него. Необјавувањето на информацијата може да се сфати и како еден вид бојкот на Иван Петровски, како и жалење на Драган Богдановски што го предложил и поставил на функцијата организационен секретар.

Резиме

Во периодот по убиството на организациониот секретар на ДООМ, Благој Шамбевски, Организацијата западнала во криза. За да го оджи моралот во Организацијата, претседателот на ДООМ, Драган Богдановски, свикал собрание на организацијата во Стразбур, Франција. Собранието се одржало на 23 ноември 1974 година кога за прв пат било планирано применување на револуционерни методи. Но, сепак, тој обид, вклучително и извршените измени во Централниот комитет, оделе само во функција на консолидација на Организацијата.

[21] ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 746, Папка III, Изјава на Драган Богдановски дадена на 12.06.1977 г., стр. 7-9.

[22] ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 747, Папка VI, Изјава на Драган Богдановски дадена на 15.02.1987 г., стр. 5.

Summary

In the period after the murder of the organizing secretary of DOOM Blagoj Shambevski, the organization fell into a crisis. In order to maintain morale in the organization, the President of DOOM Dragan Bogdanovski convened a meeting of the organization in Strasbourg, France. The assembly was held on November 23, 1974, when for the first time it was planned to use revolutionary methods. However, that attempt, including the changes made to the Central Committee, only went in the function of consolidating the Organization.

Извори и литература

I. Извори

1. Необјавена архивска граѓа

- Државен архив на Република Македонија, Фонд: ОЗНА/УДБА/РСВР/МВР досиеја водени од поранешната МВР/УДБ (885), Досие за лице во историски архив Богдановски Наско Драган, бр. на лично досие 20218.

2. Објавена архивска граѓа

- *Документи за македонското национално движење во дијаспората (ОКМ-ДООМ-НОФМ),* Прв том, редактор Миле Илиевски, Штип 2006.

3. Списанија

- *Македонска нација*, Минхен, 1971-1973.
- *Нова Македонија,* Скопје, 1990.

II. Литература

- Марјан Иваноски, „Возобновувањето на емигрантската организација Ослободителен комитет на Македонија (прв вонреден конгрес - 1971)“, *Македоника* VI/14-15, Скопје 2016.
- Марјан Иваноски, „Втор, вонреден конгрес на македонската емигрантска организација на Ослободителниот комитет на Македонија (Бремен, 1972 година)“, *Зборник на трудови*, *НУ завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Битола,* бр. 21, Битола 2018.